РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бр. 02 -3269/2
27.12.2024 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019 и 464/2021-анекс), а во врска со член 24, став 3 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019, 607/2022 и 689/2024 - анекс) постапувајќи по предлогот на Деканатската управа бр. 02-3269/1 од 23.12.2024година Наставно - научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на ден 26.12.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**

за **измена на Календарот** на активности за зимски и летен семестар во учебната 2024/2025 година за прв циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје

1. Се прифаќа Предлог – Одлуката на Деканатската управа при Факултетот, бр. 02-3269/1 од 23.12.2024 година.

2. Се усвојува измена на Календарот на активности за зимски и летен семестар во учебната 2024/2025 година за прв циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, донесен на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 04.07.2024 година, со тоа што роковите за одржување на дополнителната (мартовска) испитна сесија се менуваат и гласат:

| | |
|---|---|
| Објава на термини за практичен и теоретски дел од испит во мартовска (дополнителна) испитна сесија | најдоцна до 28.2.2025г. |
| Пријавување за мартовска (дополнителна) испитна сесија (on-line) и во хартиена форма во Одделението за студентски прашања.<br>(студентите може да пријават и полагаат само 1 (еден) испит од зимскиот семестар од учебната 2024/2025 година) | 10.3.2025г.-14.3.2025г. |
| Мартовска (дополнителна) испитна сесија | 20.3.2025г.-27.3.2025г. |

3. Во се друго Календарот на активности за зимски и летен семестар во учебната 2024/2025 година за прв циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, останува ист.

4. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Д Е К А Н

Проф. д-р Даворин Трпески

Да се достави до:
- Архива;
- Продекан за наставни и студентски прашања;
- Институти;
- Секретар;
- Одделение за студентски прашања;
- Раководител на Одделение за општи и правни работи и библиотечно работење и
- ВЕБ страна на Факултетот;

Изработил: Јадранка Стојчевска
Одобрил: Сања Мицковиќ